РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-1363/2
10-04-2014 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 21 и 22 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14), а по доставен предлог од Бирото за развој на образованието, министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за изменување и дополнување на наставниот план за воспитно-образовната дејност во гимназиското образование, природно-математичко подрачје - комбинација А

1. Со ова решение се донесуваат измените и дополнувањата на наставниот план за воспитно-образовната дејност во гимназиско образование, природно-математичко подрачје - комбинација А.
2. Измените на наставниот план се однесуваат на изборните наставни предмети: Линеарна алгебра и аналитичка геометрија со 2 часа неделно за учениците од III година и Алгебра со 2 часа неделно за учениците од III година.
3. Дополнувањето на наставниот план се однесува на воведување на нов изборен наставен предмет Програмски јазици со 2 часа неделно за учениците од III година.
4. Составен дел на ова решение се измените и дополнувањата на наставниот план за гимназиско образование, природно-математичко подрачје-комбинација А.
5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а се применува од учебната 2014/2015 година.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 21 и 22 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13 и 41/14) во кој е предвидено дека министерот за образование и наука ги донесува наставните планови и програми кои ги подготвува Бирото за развој на образованието. Согласно горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот.

МИНИСТЕР,
Спиро Ристовски

Доставено до:
- Биро за развој на образованието
- Педагошка Служба
- архива

изготвил: Пенка Мантова Здравковска
прегледал: Дана Бишкоска
одобрил: Елена Ивановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: 14.04.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/56 | | |

# НАСТАВЕН ПЛАН
# ЗА ГИМНАЗИСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Природно-математичко подрачје** **Комбинација А на изборни предмети**

| Ред. бр. | НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ, ПРОГРАМСКИ СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | Застапеност изразена во часови | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I година | | II година | | III година | | IV година | |
| | | нед. | год. | нед. | год. | нед. | год. | нед. | год. |
| **I.** | **ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПРЕДМЕТИ** | **24 (26)** | **864 (936)** | **24 (26)** | **864 (936)** | **20 (22)** | **720 (792)** | **17 (19)** | **561 (627)** |
| 1. (1)<br><br>(2) | Македонски јазик и литература, а за учениците од другите заедници: албански, турски или српски јазик и литература<br><br>- Македонски јазик за учениците од другите заедници | 4<br><br>(2) | 144<br><br>(72) | 4<br><br>(2) | 144<br><br>(72) | 4<br><br>(2) | 144<br><br>(72) | 4<br><br>(2) | 132<br><br>(66) |
| 2. (3) | Математика | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 99 |
| 3. (4) | Прв странски јазик | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 99 |
| 4. (5) | Втор странски јазик | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 66 |
| 5. (6) | Историја | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | | |
| 6. (7) | Географија | 2 | 72 | 2 | 72 | | | | |
| 7. (8) | Физика | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | | |
| 8. (9) | Хемија | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | | |
| 9. (10) | Биологија | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | | |
| 10.(11) | Социологија | | | 2 | 72 | | | | |
| 11. (12) | Филозофија | | | | | | | 3 | 99 |
| 12. (13) | Информатика | 2 | 72 | | | | | | |
| 13.(14) | Бизнис и претприемништво | | | | | | | 2 | 66 |
| 14.(15) | Спорт и спортски активности | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 99 |
| 15.(16) | Ликовна уметност | 2 | 72 | 1 | 36 | - | - | - | - |
| 16.(17) | Музичка уметност | 1 | 36 | 2 | 72 | | | | |
| **II.** | **ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ** | | | **2** | **72** | **6** | **216** | **9** | **297** |
| 1. | Предмет од листата на изборни предмети* | | | 2 | 72 | | | | |
| 2. | Линеарна алгебра и аналитичка геометрија | | | | | 2 | 72 | | |
| 3. | Алгебра | | | | | 2 | 72 | | |
| 4. | Програмски јазици | | | | | 2 | 72 | 3 | 99 |
| 5. | Математичка анализа | | | | | | | 3 | 99 |
| 6. | Физика | | | | | | | 3 | 99 |
| | **ВКУПНО ЧАСОВИ** (I+II+III): | **29 (31)** | **1044 (1116)** | **31 (33)** | **1116 (1188)** | **29 (31)** | **1044 (1116)** | **29 (31)** | **957 (1023)** |
| **III.** | **ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ***** | | **70** | | **70** | | **70** | | **60** |

*) Наставните предмети: *спорт и спортски активности, ликовна уметност и музичка уметност* се вклучуваат во задолжителните предмети(коишто се оценуваат со бројчани оценки) за учениците кои се запишани во I годинаво учебната 2007/08 година за учениците од II, III и IV се применува досегашниот наставен план со задолжителни изборни програми(коишто се оценуваат со описни оценки).

**) Ученикот избира еден предмет од листата на изборните предмети: информатичка технологија; класични јазици (старогрчки, латински); елементарна алгебра и геометрија; говорење и пишување; етика.